Уп. бр. 08- 71

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д. (FORTENOVA GRUPA d.d.), со седиште на ул. Маријан Чавиќ 1, 10000 Загреб, Република Хрватска, доставено преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 04.09.2019 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д. (FORTENOVA GRUPA d.d.), со седиште на ул. Маријан Чавиќ 1, 10000 Загреб, Република Хрватска ќе стекне единствена контрола над Пословни системи Меркатор д.д. (Poslovni sistemi Mercatord.d.), со седиште на Дунајска улица 107 п.п. 3234, 1001 Љубљана, Република Словенија преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 14.08.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) доставено е известување за концентрација од ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д. (FORTENOVA GRUPA d.d.), со седиште на ул. Маријан Чавиќ 1, 10000 Загреб, Република Хрватска, со која ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д. има намера, преку стекнување на акции, да стекне контрола над Пословни системи Меркатор д.д. (Poslovni sistemi Mercatord.d.), со седиште на Дунајска улица 107 п.п. 3234, 1001 Љубљана, Република Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д.** е основана за потребите на преструктуирањето на **АГРОКОР д.д.** (AGROKOR d.d.), со седиште на ул. . Маријан Чавиќ1, 10000 Загреб, Република Хрватска. Преструктуирањето е извршено преку посебна стечајна постапка во Република Хрватска согласно Законот за постапка на вонредна администрација на трговски друштваод системска важност за Република Хрватска. Како дел од преструктуирањето, ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д. го наследи деловното работење на Агрокор д.д., (со исклучок на Меркатор.

ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д. е владејачко холдинг друштво на Фортенова групацијата која работи преку три основни бизнис сегменти: (i) сегментот за трговија на мало и на големо - кој опфаќа трговија на мало со намирници и стоки за широка потрошувачка, трговија на мало во синџир на весникарници/киосци и трговија на големо со намирници и стоки за широка потрошувачка до хотели, ресторани и кафулиња; (ii) сегментот за производство и дистрибуција на храна - чие портфолио на производи вклучува минерална вода, сладолед, масло, маргарин и мајонез; и (iii) земјоделскиот сегмент - чии активности вклучуваат производство на житарици, маслени култури, сирење, свежо овошје и зеленчук, како и управување со сточарски фарми.

ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д во Република Северна Македонија има едно поврзано друштво - Друштвото за трговија и услуги ФРИКОМ БЕОГРАД ДООЕЛ Чучер Сандево, со седиште во Бразда 20, бр. 243а, кој е дистрибутер на замрзнати прехранбени производи на Фриком и Ледо во Северна Македонија. Портфолиото на Фриком во Северна Македонија вклучува: сладоледи, замрзнат зеленчук и овошје, замрзнато пециво, замрзнати готови јадења и замрзната риба. Портфолиото на Ледо во Северна Македонија вклучува: сладоледи.

**Пословни системи Меркатор д.д.** е владејачко холдинг друштво на Меркатор групацијата, чија основна дејност е трговијата на мало со стоки за широка потрошувачка до крајните потрошувачи преку мрежа на продавници низ Словенија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора. Воедно, Меркатор групацијата е, исто така, активна во одреден број сродни сектори, вклучувајќи во обезбедувањето на „технички стоки за широка потрошувачка“ за домови и градини (на пример, мали и големи апарати од бела техника, градинарска опрема, мебел и електроника за широка потрошувачка) во Словенија, бензински пумпи со самопослужување и ресторани во Словенија, како и производство и снабдување со одредени прехранбени производи (вклучувајќи инстант производи од какао и десертни додатоци).

Пословни системи Меркатор д.д. во Република Северна Македонија има едно поврзано друштво - Друштвото за производство, трговија и услуги МЕРКАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на Огњен Прица 1/3-28 Мезанин, Скопје, со регистрираната приоритетна дејност - трговијата на мало во неспецијализирани продавници првенствено со храна, пијалаци и тутун.

Наведеното  друштво повеќе не е комерцијално активно.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка  1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата  вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**